***РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА***

***ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ СО РЕСУРСЕН ЦЕНТАР***

***„КОЧО РАЦИН“ – БИТОЛА***

**за период од 2024 до 2028 година**



Битола,

Декември 2024

# Преамбула

Врз основа на член 49 став (1),(2) и (6) од Законот за осново образование („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр.161/19), Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работата на основното училиште од 29.05.2024 год., Статут на училиштето, Самоевалулација на училиштетето 2022-2024.

| **Развојна програма на училиштето** | |
|---|---|
| **Училиште** | Основно училиште со ресурсен центар “Кочо Рацин” – Битола |
| Адреса | Захарија Шумљанска бр.10 Битола, Битола |
| Телефон, е-пошта | 047/236-900, 047/227-017 uspeshnarehabilitacija@yahoo.com |
| Период на подготовка на Развојната програма на училиштето | ноември-декември 2024 |
| Број на ученици во училиштето | 51 |
| Број на подрачни училишта | / |
| **Училишен директор** | в.д Директор |
| Име и презиме | Драгана Кирковска |
| Потпис | |
| Датум | 24.12.2024 |
| **Одобрување од УО** | Претседател на Училишен Одбор |
| Име и презиме | Ирена Павловска |
| Потпис | |
| Датум | 24.12.2024 |

# Содржина

**1. Податоци за основното училиште**…………………………………..….....…..3
1.1. Идентификациски податоци за училиштето……………………………..……….....3
1.2. Историјат на основното училиште…………………………………………...……4

**2. Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето**……………………………..........…………………………………………...…6

**3. Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (СВОТ-анализа)**....11

**4. Мисија и визија на основното училиште**……………………………………...14

**5. Избрани приоритети и образложение за секој од нив**……………………...…..14

**6. Дефинирани стратешки и развојни цели**………………………………..……16

**7. Акциски планови за реализација на Развојната програма на училиштето**…..18

**8. Комисија за изработка на Развојната програма на училиштето**…………...…..26

# 1. Податоци за основното училиште

## 1.1. Идентификациски податоци за основното училиште

| Податоци | |
|---|---|
| Име на основното училиште | Основно училиште со ресурсен центар “Кочо Рацин” – Битола |
| Адреса | Захарија Шумљанска бр.10 Битола, Битола |
| Телефон | 047/236-900, 047/227-017 |
| Место, општина | Битола |
| Веб-страница | www.ourckocoracin.com.mk |
| Е-пошта | uspeshnarehabilitacija@yahoo.com |
| Ден на училиштето | 12 Април |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 2415м2 (сутерен, приземје и два спрата) |
| Училишен двор (m2) | 7893 м2 |
| Подрачни училишта во состав на основното училиште, место | / |
| Капацитет на училиштето (максимален број ученици) | 120 |
| Број на ученици (моментална состојба) | 51 |
| Број на паралелки | 13 |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | Македонски јазик/Знаковен јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | 13 |
| Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето | 1 |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | / |
| Во основното училиште има ресурсен центар | Да |
| Други идентификациски податоци карактеристични за основното училиште | Ученички дом |

## 1.2. Историјат на основното училиште

Заводот за рехабилитација на деца со оштетен слух„Кочо Рацин“ е основано во Битола во 1949 година и е прва и единствена институција од овој тип во државата веќе 75 години, истото претставува државна институција чиј основател е Министерството за образование и наука на Р.М. На почеток наставата се реализираше за ученици со оштетен слух преку реализирање на наставна програма за основно образование и рехабилитација, потоа ја проширува дејноста и ги опфаќа сите ученици со оштетен слух, говор и глас и други проблеми во развојот.

Училиштето има својство на правно лице и е запишан во Централниот регистар на Република С. Македонија и регистарот на основните училишта кој го води Министерството за обрзование и наука верифицирано под број 13 – 2197 од 03.07.1986 год.

Дејноста на училиштето од учебната 2020/2021 година се проширува согласно одредбите од Законот за основно образование (сл.весник 161/19 и 229/20), постојниот Завод за рехабилитација на деца со оштетен слух говор глас и други проблеми во развојот Кочо Рацин Битола, продолжува да работи како училиште со ресурсен центар.

Според Законот за основно образование од 2019 година, на 5 Април 2021 година Заводот за рехабилитација на деца со оштетен слух, говор, глас и други проблеми во развојот - Кочо Рацин - Битола се трансформира во Основно училиште со ресурсен центар Кочо Рацин -Битола, со тоа што училиштето добива нов статут како и дополнителни задачи со тоа што ги опфаќа двата најголеми региони во Република Македонија и тоа Југозападен и Пелагониски и тоа: Основните училишта од општините Македонски Брод, Пласница, Дебар, Центар Жупа, Дебрца, Струга, Вевчани, Охрид, Долнени, Крушево, Кривогаштани, Демир Хисар, Ресен, Битола, Могила, Новаци, Прилеп и со Центрите за подршка во училиштата ООУ „Санде Штерјоски„ - Кичево за подрачјето на општина Кичево, ООУ Браќа Миладиновци за подрачјето на општина Струга, ООУ „ Климент Охридски„ Охрид за подрачјето на општина Охрид, ООУ „ Климент Охридски„ Прилеп за подрачјето на општина Прилеп и ООУ „Ѓорѓи Сугарев Битола, за подрачјето на општина Битола.

Основното училиште со ресурсен центар „ Кочо Рацин“ Битола, ги користи своите материјални и човечки ресурси и дава соодветна стручна подршка на учениците со попреченост, на наставниот кадар, стручните соработници, родителите односно старателите и инклузивниот тим на основни училишта.

Основното училиште со ресурсен центар ,, Кочо Рацин" Битола, ги обезбедува, обучува образовни асистенти, заради давање подршка на учењето на учениците со попреченост во општинските основни училишта.

Наставниот кадар од основното училиште со ресурсен центар, учествува во реализација на дел од модифицираната програма за учениците со комплексни потреби за кои е во најдобар интерес да посетуваат дел од наставата во основното училиште со ресурсен центар, а согласно со препораката на стручното тело за проценка, базирана на Меѓународната класификација на функционирањето (МКФ).

Воспитно-образовната работа и рехабилитацијата во ОУ со ресурсен центар ,, Кочо Рацин,, Битола се остварува на македонски јазик и неговото кирилско писмо. Истата треба да овозможи квалитет, постигања, резултат, придобивање.

Во училиштето воспитно образовната работа се организира и остварува според наставен план и програми кои на предлог на Бирото, ги утврдил министерот,како и по одредени специфични методи типични за работа спрема видот на проблемите во развојот како на пр.Метода Монтесори, Арт терапија, Сензорна интеграција, Музичка терапија, Реедукативна терапија, Аба, Теецх, Алтернативен облик на комуникација-ПЕКС и т.н.

Училиштето остварува единствена воспитно-образовна и рехабилитациона програма наменета за стекнување на основно образование за деца со оштетен слух говор и глас, како и други проблеми во развојот и тоа од целата територија на Република Македонија и од сите националности.

Основното училиште со ресурсен центар „Кочо Рацин" брои 51 ученици со посебни образовни потреби од различни етнички заедници (Македонци, Турци, Албанци, Роми и други) кои имаат можност да стекнат знаења и животни вештини во предучилишното и основното образование (III - IX одделение). Наставниот процес во ОУРЦ „Кочо Рацин" го реализираат 30 специјални едукатори и рехабилитатори, 6 наставници кои предаваат различни предмети, 3 психолози, 2 педагози и други членови на воспитно-образовниот кадар кои се целосно посветени на овие ученици и нивните достигнувања, давајќи им несебична поддршка. , љубов и разбирање.

## 2. Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето

| Стратешка цел 1 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
|---|---|---|---|---|---|
| Осовременување на наставата и подобрување на квалитетот на рехабилитацијата и образованието | 1.1 Подигање на квалитетот на знаењата на учениците преку примена на современи приоди | √ | | | Континуирана соработка со НВО<br>„Отворете ги прозорците” кои активно ги релизираа нивните цели преку донации на Асистивна технологија |
| | 1.2 Соработка со соодветни институции одговорни за спроведување на инклузијата на децата со ПОП и давање на стручна помош | √ | | | Активна соработка со стручното тело тело МКФ во распределување на учениците за соодветни програми и индивидуални третмани |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1.3 Развивање на еко свест преку Еко стандардите (наставни и вонnаставни содржини) | | √ | | Еко свеста на учениците се развива преку наставните содржини и еко секцијата. Еко стандардите не бевме во можност да ги реализираме од организациски и финансиски причини |
| | 1.4 Развивање на социјална интеграција и Мултиетничка интеграција | √ | | | |
| Стратешка цел 2 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
| Подобрување на квалитетот на наставата и рехабилитацијата прекустручниот кадар | 2.1 Изработка на инструменти за континуирано и сеопфатно следење на постигањата на учениците најмалку 4 пати годишно | √ | | | Тимска работа на Стручна служба преку работилници |
| | 2.2 Обуки на стручниот кадар преку учество на конференции, семинари, проекти | | √ | | Професионалниот развој на стручниот кадаре на сопствен трошок, со исклучок на обуките од МОН и БРО кои не се соодветни за нас |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2.3 Обуки на стручниот кадар преку учество на конференции, семинари, проекти | | √ | | Професионални от развој на стручниот кадар е на сопствен трошок, со исклучок на обуките од МОН и БРО кои не се соодветни за нас |
| | 2.4 Вклучување на наставниците во измените и дополнувањето на наставните програми | | √ | | Наставниците се вклучени во изработката на ИОП и Модифицирана програма за учениците кои се инклудирани во редовните училишта, додека Новата концепција за програмите не е соодветна за нашите ученици |
| Стратешка цел 3 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
| Подобрување на условите во ОУРЦ за рехабилитација | 3.1 Вклучување на наставниците во измените и дополнувањето на наставните програми | | √ | | Наставниците се вклучени во изработката на ИОП и Модифицирана програма за учениците кои се инклудирани во редовните училишта, додека Новата концепција за програмите не е соодветна за нашите ученици |
| | 3.2 Доопремување на | | √ | | Потребно е континуирано опремување на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | просториите за слободно време | | | | просториите со соодветен ентериер, ИКТ техника, дидактички средства, спортски реквизити |
| | 3.3 Уредување на училишниот двор и уредување на сензорен двор | | | √ | Сработени проекти не се реализирани од страна на раководниот кадар<br>Училишниот двор не е безбеден поради немање на ограда |
| | 3.4 Инфраструктурни зафати (адаптирани тоалети за телесно инвалидни деца и обезбедување на енергетски ефикасна фасада) | | | √ | Сработени проекти не се реализирани од страна на раководниот кадар |
| Стратешка цел 4 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
| Социјална интеграција и поддршка на инклузијата на учениците | 4.1 Унапредување и интензивирање на формите на соработка – локално, регионално и државно ниво | | √ | | Спреченост од страна на раководниот орган за соработка со сите институции од локално, регионално и меѓународно ниво и НВО |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Поддршка во учењето и индвидуални третмани на децата со ПОП според МКФ |
| | 4.2 Унапредувањ е и интензивирањ е на формите на соработка со локалната заедница | | √ | | Спреченост од страна на раководниот орган за соработка со сите институции од локално, регионално и меѓународно ниво и НВО |
| | 4.3 Унапредувањ е и интезивирање на формите за меѓународна соработка | | | √ | Спреченост од страна на раководниот орган за соработка со сите институции од локално, регионално и меѓународно ниво и НВО |
| | 4.4 Мултимедија лна презентација на ОУРЦ | | | √ | Спреченост од страна на раководниот орган за афирмација на ОУРЦ |

## 3. Фактори што влијат на развојот на основното училиште (SWOT-анализа)

| Предности (силни страни) на основното училиште | Слабости (слаби страни) на основното училиште |
|---|---|
| • Соодветен стручен кадар<br>• Техничка опременост на одделот за индивидуални третмани<br>• Сите наставници се вклучени во дисеминации во учолиштето<br>• Добра соработка со родителите и советодавна работа со семејствата<br>• Наставниот кадар дава поддршка во учењето на инклудираните ученици кои според МКФ следат модифицирана програма<br>• Одделот за индивидуална рехабилитација реализира соодветни третмани со инклудираните ученици според МКФ<br>• Поддршка и стручна помош на наставниците од редовните училишта во изработката на модифицираната програма<br>• Континуирана поддршка на наставниците, стручните соработници и образовните асистенти од страна на специјалните едукатори и рехабилитатори од ОУРЦ во целокупниот восп. обр. процес на учениците со ПОП инклудирани во редовните училишта<br>• Интерни семинари<br>• Стратегија за развој и проширување на дејноста<br>• Добро опремени училници | • Неопременост со нагледни средства на одредени кабинети од предметна настава<br>• Стари компјутери за работа на кадарот<br>• Дел од наставниците се вклучени во обуки поради самофинансирање<br>• Делумна соработка со локалната средина (причина – раководниот орган)<br>• Прекината соработка со сродни установи на меѓународно ниво (причина – раководниот орган)<br>• Доопремување на занималните за слободно време на учениците<br>• Подобрување на објектот од безбедносен аспект<br>• Подобрување на енергетската ефикасност на објектот - реновирање на фасадата<br>• План за спроведување на атмосферските води<br>• Асистивна технологија во кабинети за индивидуални третмани (за работа со деца со оштетен вид)<br>• Пристапот до тоалетите да се прилагоди на потребите на учениците со телесни пречки во развојот<br>• Да се превземат мерки за обезбедување на хидранти<br>• Да се превземат мерки за |

| | |
|---|---|
| • Наставници ментори и образовни асистенти<br>• Обезбедување на инд. помагала (слушни апарати, очила и сл.)<br>• Добро функционирање на стручните активи<br>• Добро опремена сензорна соба<br>• Развиена мрежа за континуирано следење на развојот на учениците<br>• Грижа и поддршка на учениците преку целата година<br>• Континуирана соработка со родителите во процесот на учење и рехабилитација на учениците со ПОП | обезбедување на ресурси за осовременување и олеснување на наставниот процес<br>• Спреченост за аплицирање за Еразмус проектипричина – раководниот орган)<br>• Намален број на ученици кои престојуваат во интернатот поради неможноста да бидат во ОУРЦ за време на викенд (причина – раководниот орган)<br>• Намален број на ученици со оштетен слух кои живеат во други градови поради неорганизиран превоз и можност да престојуваат во ОУРЦ за викенд (причина – раководниот орган)<br>• Спречување на работата на продолжениот престој на учениците со ПОП (причина – раководниот орган) |
| **Можности (прилики) што произлегуваат од училиштето и опкружувањето** | **Закани, пречки (опасности) што призлегуваат од училиштето и неговото опкружување** |
| • Продолжен престој (внатрешни и надворешни деца)<br>• Зголемување на бројот на ученици кои престојуваат во интернатот<br>• Опремување на кабинетите од предметна настава<br>• Вклученост на наставниците во измена и дополнување на наставни планови и програми и модицифирана програма<br>• Вклученост на учениците на | •<br>• Прекин на упис на ученици со ПОП<br>• Укинување на предучилишните кабинети за рана стимулација , едукација и рехабилитација<br>• Намалување на бројот на учениците<br>• Укинување на посебниот додаток за учениците со интернатско сместување<br>• Вработување на специјални едукатори и рехабилитатори во |

| | |
|---|---|
| општински, републички и меѓународни манифестации и натпревари<br>• Отварање на можности за нови кабинети за индивидуални третмани<br>• Опременост на занималните за слободно време на учениците<br>• Уредување на училишниот двор<br>• Подобрување на објектот од безбедносен аспект<br>• Подобрување на енергетската ефикасност на објектот<br>• Соработка со невладини организации<br>• Учество во нови развојни проекти, Еразмус и Етвиниг проекти<br>• Подобрување на редовноста на учениците<br>• Континуитет во стручното усовршување на кадарот<br>• Соработка со МОН, БРО, Институт за дефектологија на РСМ и др.<br>• Соработка со установи надвор од РСМ<br>• Веб страна на ОУРЦ | редовните училишта<br>• Немање на закон за специјално образование<br>• Курсеви и обуки за обучување на наставниот кадар во редовните училишта за работа со деца со посебни потреби<br>• Поддршка на тоталната инклузија по секоја цена преку проекти на НВО и меѓународни организации |

## 4. Мисија и визија на основното училиште

**Мисија:**

Давање услуги (рехабилитација и образование) преку употреба и користење на најсовремена рехабилитационо-образовна технологија, примена на најсовремени и специјализирани методи и форми на работа чија крајна цел е развивање на интелектуалните и другите способности на децата (учениците) со проблеми во развојот и нивна припрема за иден општествено корисен и независен член на нашата заедница.

**Визија:**

Да бидеме водечка установа за основно образование за ученици со ПОП, кои ќе даваат поддршка во учењето и рехабилитацијата на учениците со ПОП во инклузивното образование. Спроведување на ран третман и раната интервенција на децата со ПОП како најважен период во нивниот психофизички и когнитивен развој. Со цел да се овозможи да го добиеме приматот на национално и регионално ниво, како во однос на професионалната подготвеност на училишниот кадар, така и во однос на материјално технички услови за работа со деца со пречки во развојот.

**Мото:**

Вратата на иднината се отвора со моќта на знаењето, хуманоста и позитивната мисла.

## 5. Избрани приоритети и образложение за секој од нив

| Приоритет | Образложение |
|---|---|
| -Прилагодување на наставниот план и програма и модифицирана програма според индивидуалните можности и способности на учениците со ПОП преку креирање на средина за учење, активно креирање на политики како дел од БРО, опреување на кабинетите со иновативни нагледни средства и технички помагала | Наставниот план и програма од новата Концепција не е во склоп со Специјалните Наставните програми од БРО кои се применуваат во Основните училишта со ресурсен центар , исто така Модифицираната програма не може да се реализира по Новата концепција заради обемот на предметите. |
| -Реновирање на стара станбена инфаструктура, оградување на училишниот двор, реализирање на проект Сенозорен двор, менување на електрична инсталација, осовременување на тоалетите за инвалиди, менување на покривот од Спортската сала, обезбедување на лифт. | -Нероновирана училишна зграда од нејзиното основање и истата не е енергетски ефиксана, небезбеден училишен двор заради не постоење на заштитна ограда, небезбедна спортска сала -не можност да се реализира наставата по ФЗО |
| -Обезбедување на обуки за професионален равој кои не се дел од годишната програма за обуки од БРО | -Понудените обуки од БРО и МОН не се доволни за професионалниот развој во специјалните училишта, сертифицираните специјални обуки како Сензорна интергација, Биофидбек, Реедукација на психомоторика, Монтесори педагогија и Рана интервенција и стимулација, The Tomatis method, Бихевиоријална терапија, Floor time, Хипотерапија, Хидротерапија, Халотерапија.и се на основ на самофинансирање. |
| - Опфаќање на децата од предучилишна возраст, ран треман и рехабилитација, градење на систем на соработка со сите институциии од здравство, социјална заштита, локална заедница, НВО, | -Изостанување на важниот период за развој на децата со ПОП до 6 година, а со донесување на Законот за основно образование од 2019 година истите не се запишуваат во ОУРЦ од учебна 2022-2023 година и на истите им е пролонгиран уписот во прво одделени во редовните училишта.<br>Не доволна соработка со институции од здравство, социјална |

| | |
|---|---|
| здруженија, центри, Факултет за специјална едукација и рехабилитација, културно-општествени институции согласно документот за реонизација | заштита, локална заедница, НВО, здруженија, центри, Факултет за специјална едукација и рехабилитација, културно - општествени институции согласно документот за реонизација |

## 6. Дефинирани стратешки и развојни цели

**Од приоритети кон стратешки цели**

| Приоритет/и | Стратешка цел |
|---|---|
| -Прилагодување на наставниот план и програма и модифицирана програма според индивидуалните можности и способности на учениците со ПОП преку креирање на средина за учење, активно креирање на политики како дел од БРО, опремување на кабинетите со иновативни нагледни средства и технички помагала | 1.Осовременување на воспитно образовниот процес |
| -Реновирање на стара станбена инфаструктура, оградување на училишниот двор, реализирање на проект Сензорен двор, менување на електрична инсталација, осовременување на тоалетите за инвалиди, менување на покривот од Спортската сала, обезбедување на лифт. | 2.Обезбедување на инфраструктура и технички услови за инклузивно образование |
| -Обезбедување на обуки за професионален развој кои не се дел од годишната програма за обуки од БРО | 3.Професионален развој и обука на наставниот и стручниот кадар |
| - Опфаќање на децата од предучилишна возраст, ран треман и рехабилитација, градење на систем на соработка со сите институцуии од здравство, социјална заштита, локална заедница, НВО,здруженија, центри, Факултет за специјална едукација и рехабилитација, културно-општествени институции согласно документот за реонизација. | 4.Поддршка на инклузивното образование |

**Од стратешки цели кон развојни цели**

| Стратешка цел 1 | Развојни цели |
|---|---|
| Осовременување на воспитно образовниот процес | 1.1 Опремување на училиштето со ИТ опрема, нагледни средства и асистивна технологија. |
| | 1.2 Обезбедување на соодветни учебници и помагала за учениците со ПОП |
| | 1.3 Креирање на модифицираната програма по развоен период и соодветни подрачја според способностите на учениците. |
| **Стратешка цел 2** | **Развојни цели** |
| Обезбедување на инфраструктура и технички услови за инклузивно образование | 2.1 Сензорен двор |
| | 2.2 Обезбедување услови за енергетско –ефикасно училиште и инклузивни тоалети. |
| | 2.3 Инклузивна спортска сала и спортско игралиште |
| **Стратешка цел 3** | **Развојни цели** |
| Професионален развој и обука на наставниот и стручниот кадар | 3.1 Еразмус проекти и Етвиниг проекти |
| | 3.2 Поттикнување и обезбедување обуки за модерни пристапи како Сензорна интергација, Биофидбек, Реедукација на психомоторика, Монтесори педагогија и Рана интервенција и стимулација, The Tomatis method, Бихевиоријална терапија, Floor time, Хипотерапија, Хидротерапија, Халотерапија. |
| | 3.3 Соработка со институции од регионално и меѓународно ниво, поради размена на искуства. |
| **Стратешка цел 4** | **Развојни цели** |
| Поддршка на инклузивното образование | 4.1 Интензивирање на формите на соработка со локалната средина (НВО, здруженија, центри за поддршка, културно – општесвени институции) |

| | |
|---|---|
| | 4.2 Советодавни и едукативни работилници со родители и развиввање на социјална и мултиетничка интеграција |
| | 4.3 Интензивирање на соработката со основните училишта од Југозападниот и Пелагонсикиот регион |

## 7. Акциски планови за реализација на развојната програма на училиштето

| **Стратешка цел 1**. Осовременување на воспитно образовниот процес | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Развојна цел 1.1** Опремување на училиштето со ИТ опрема, нагледни средства и асистивна технологија. | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите |
| Набавка на компјутерска опрема:smart табли, e-fun табли,асистивна технологија, видео бим… телевизори , преку Барања на финансиски средства и донации. | Унапредување на наставниот процес и индивидуалната работа со учениците Обездбедување на асистивна технологија на учениците опфатени во инклузивниот процес | Директор и комисија за јавни набавки Донатори | Континуирано | Финансиски ресурси Донации | Директор и комисии (тимови) | Обрасци за користење на асистивна технологија Извештаи од наставници. |

| **Развојна цел 1.2** Обезбедување на соодветни учебници и помагала за учениците со ПОП | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите |
| 1.Учество во изработка на НПП за учениците со ПОП<br>2.Барање до ДУРДМОВ „Димитар Влахов“ – Скопје за учебници на брајово писмо.<br>3. Креирање на соодветни учебници според попреченоста | Подобрување и олеснување на воспитно-образовниот процес на учениците во инклузивниот процес | Директор<br>Наставници од одделенска и предметна настава, Стручна служба | Активност 1 од прва до четврта година.<br>Активност 2 –прва и втора година<br>Активност 3- од прва до четврта година. | Човечки ресурси<br>Финансиски ресурси | Директор<br>Тимови | Записници<br>Извештаи<br>Чек листи<br>Евидентни листови |

| **Развојна цел 1.3** Креирање на модифицираната програма по развоен период и соодветни подрачја според способностите на учениците. | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите |
| -Формирање на паралелки по развојни периоди во | Постигнување на целите согласно програмата | Наставници | Континуирано | Човечки-и, Финансиски | Наставници, Директор | извештаи |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| зависност од попреченоста | | | | и Матери јлни | | |

| **Стратешка цел 2**. Обезбедување на инфраструктура и технички услови за инклузивно образование | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Развојна цел 2.1** Сензорен двор | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите |
| -Реализација на работилници со родители, вработени, јавни претпријатија, градежни фирми кои активно ќе бидат вклучени во подготовка н атеренот за сензорен двор | -Дефинирани Фази на реализација | родители, вработени во училиштето,соодветни градежни фирми, јавни претпријатија | 2025-2027 | човечки, материјални и финансиски | директор, тим за развојна програма | чек листа за фазите за реализација |
| **Развојна цел 2.2** Обезбедување услови за енергетско –ефикасно училиште и инклузивни тоалети. | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Реализирани работилници од страна на еко скецијата , еко одборот во склоп на вонанставните активности со учениците и родителите - Работилница со вработените за подигање на еко свеста | Дефинирање на фази на реализација | Еко секоција , еко одбор, совет на родители | континуирано | човечки , материјални и финансиски | директор, членови на еко секоција еко одбор, совет на родители | чек листа за фазите за реализација |
| **Развојна цел 2.3** Инклузивна спортска сала и спортско игралиште | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите |
| Сопртски активности, напревари од хуманитарен карактер се со цел зголемување на свеста за можноста од натпреварување на учениците со попреченост | Дефинирање на фази на реализација | Спортска секција, совет на родители, градежни фири, општествено одговорни компании, МОН, јавни претпријатија | континуирано | човечки , материјални и финансиски | директорС спортска секција, | чек листа за фазите за реализација |

<table>
<tr><td colspan="7">Стратешка цел 3 Професионален развој и обука на наставниот и стручниот кадар</td></tr>
<tr><td colspan="7">Развојна цел 3.1 Еразмус проекти и Етвиниг проекти</td></tr>
<tr><td>Активности</td><td>Индикатори за успех</td><td>Реализатори</td><td>Временска рамка за имплементација</td><td>Потребни ресурси</td><td>Тим за следење за реализација на активностите</td><td>Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите</td></tr>
<tr><td>Конференции , семинари, обуки , десеминации за подговување на ерзмус и етвиниг проекти</td><td>активно учество во креирање на еу логин , активно учество на наставниците на е твининг платформата</td><td>наставници, стручни соработници, ученици, родители</td><td>континуирано</td><td>човечки</td><td>директор, тим за проекти</td><td>чек листа за фазите за реализација</td></tr>
<tr><td colspan="7">Развојна цел 3.2 Поттикнување и обезбедување обуки за модерни пристапи како Сензорна интергација, Биофидбек, Реедукација на психомоторика, Монтесори педагогија и Рана интервенција и стимулација, The Tomatis method, Бихевиоријална терапија, Floor time, Хипотерапија, Хидротерапија, Халотерапија.</td></tr>
<tr><td>Активности</td><td>Индикатори за успех</td><td>Носители на активностите</td><td>Временска рамка за имплементација</td><td>Потребни ресурси</td><td>Тим за следење за реализација на активностите</td><td>Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите</td></tr>
<tr><td>Активно учество на Обуки на за обуки за модерни пристапи како Сензорна интергација, Биофидбек, Реедукација на психомоторика, Монтесори</td><td>Завршени обуки и нивна имплементација</td><td>наставници, стручни соработници</td><td>континуирано</td><td>човечки , финансиски</td><td>директор , тим за развојна</td><td>чек листа за фазите за реализација</td></tr>
</table>

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| педагогија и Рана интервенција и стимулација, The Tomatis method, Бихевиоријална терапија, Floor time, Хипотерапија, Хидротерапија, Халотерапија. | | | | | | |

| **Развојна цел 3.3** Соработка со институции од регионално и меѓународно ниво, поради размена на искуства. | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите |
| Организирање на активности , семинари, конференции , теренска настава, отворени часови | Реализирани четири обострани посети во текот на учебна година | стручни лица, наставници, ученици | континуирано | човечки , материјални, финансиски | директор, стручна служба | извештаи од реализирани посети |

| **Стратешка цел 4** Поддршка на инклузивното образование | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Развојна цел 4.1** Интензивирање на формите на соработка со локалната средина (НВО, здруженија, центри за поддршка, културно – општесвени институции) | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | индикаторите |
| Активно учество, организирање на сите форми на дебати, работилници, семинари , конференции, советодавни разговори со локалната средина (НВО, здруженија, центри за поддршка, културно – општесвени институции) | реализирани проекти, настани, хуманитарни акции за подигање на свеста за лицата со попреченост | наставници, стручна служба | континуирано | човечки , материјални, финансиски | директор, тим на обучувачи , тим на модифицирана програма, инклузивен тим | извештаи, чек листи |
| **Развојна цел 4.2** Советодавни и едукативни работилници со родители и развиввање на социјална и мултиетничка интеграција | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите |
| -активности во текот на учебната година со родители, училишта на друг наставен јазик, | хуманитарен базар, ликовна работилница, наменски работилници по повод Велигден, Бјрам, Денот на ромите, Денот на албанската азбука | насавници, стручна служба, родители, ученици | континуирано | човечки , материјални, финансиски | директор, стручна служба | извештаи , чек листи, годишна програма |
| **Развојна цел 4.3** Интензивирање на соработката со основните училишта од Југозападниот | | | | | | |

| и Пелагонсикиот регион | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите |
| Обука на образовни асистенти, Обезбедување на образовна асистенција, членови на инклузивни тимови во редовните училишта, изработка на ИОП, Модифицира на програма, реализација на дел од модифицираната програма, индивидуални третмани според МКФ проценка, реализација на воннаставни активности на учениците со ПОП | Совладување на целите од МКФ проценката на учениците со ПОП | наставници, стручна служба, тим на обучувачи | континуирано | човечки, материјални, финансиски | директор, тим на обучувачи | извештаи, евидентни листи, МКФ проценки и реваулации, анкетни прашалници |

## 8. Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште

- Кристина Трајчевска-педагог
- Ирена Р.Николовска –психолог
- Благој Насев- специјален едукатор и рехабилитатор
- Сузана Станоевска- наставник ментор-специјален едукатор и рехабилитатор
- Лилјана Христовска- одд. наставник- специјален едукатор и рехабилитатор
- Елена Петровска – предметен наставник- специјален едукатор и рехабилитатор
- Линдита Петровска-родител
- Анастасија Павловска-ученик

в.д Директор

__________________________

Претседател на Училишен одбор

______________________________

Битола,
24.12.2024